Врз основа на Закон за Спорт и Статут на Пливачка Федерација на Македонија,Управен Одбор на Пливачка Федерација на Македонија на седница одржана на ден 22.11.2017, усвои:

**РЕГИСТРАЦИОНЕН ПРАВИЛНИК**

**Член 1**

Со овој регистрационен правилник (во понатамошен текст Правилник), Пливачка Федерација на Македонија (во понатамошен текст ПФМ), на единствен начин се регулираат услови, постапки и начин на регистрација на сите натпреварувачи активни пливачи без оглед на години, премин на пливач од еден во друг пливачки клуб и решавање на сите спорни случаи.

**Член 2**

Секој пливач е слободен во изборот на пливачки клуб за кој ќе се натпреварува во склад со статут на ПФМ и овој правилник.

**Член 3**

Секој пливач може да биде регистриран **само за еден клуб** во Македонија и највеќе на уште еден во странство:

а. По основ на прва регистрација
б. По основ на премин од клуб во клуб

**Член 4**

Регистрација во пливачки клуб се спроведува од страна на пливачкиот клуб преку пристапница на пливач во истоимениот клуб доставена со барање и формулар за регистрација до регистрациона комисија при ПФМ.
За пливачи помлади од 18 години задолжителен е потпис и од родител/старател.

**Член 5**

Барањето за регистрација на пливач од страна на клуб до регистрациона комисија при ПФМ задолжително оди во електронска и коричена форма заедно со целокупната потребна документација.

- Барање за регистрација на пливач
- Фотокопија од идинтифакционен документ
- 2 фотографии
- Потпишана пристапница од пливач
- Доколку е помлад од 18г задолзително е потпис и од родител/старател

**Член 6**

Регистрациона комисија при ПФМ прима и разгледува барања за регистрации согласно одлука на управен одбор во период на преоден рок за пливачи. Регистар на натпреварувачи се води во ПФМ во база на податоци – архива.

**Член 7**

Еднаш извршена регистрација на пливач за еден клуб важи додека пливачот е член на тој клуб.

**Член 8**

Во тек на една календарска година,пливач може да настапи **само за еден домашен клуб и еден клуб во странство.**
Доколку пливач настапи за повеќе од еден клуб во една календарска година,истиот ќе биде суспендиран со одлука на Управен Одбор на ПФМ,согласно пропозиции за настап утврдени со овој Правилник.
Доколку Матичен клуб навремено (рок 5 дена од сторен прекршок)не го пријави за суспендиран пливачот кој го прекршил овој член од Правилник за пропозиции на настап до регистрациона комисија при ПФМ,тогаш клубот ке се смета за соучесник во прекршување на овој Правилник,и истиот ќе сноси санкции согласно овој Правилник.

**Член 9**

Пливач може да премине од еден во друг пливачки клуб, односно да се регистрира во нов клуб со потребна документација **само** во време на преоден рок, утврден со одлука на Управен Одбор на ПФМ. Период за поднесување барање за регистрација на пливач во пливачки клуб, член на ПФМ поднесено до регистрациона комисија при ПФМ ќе биде разгледано и одобрено **само и само со комплетна документација потребна за регистрација на пливач. Непотполна и ненавремена поднесена документација нема да се разгледува.**

**Член 10**

Пливач може да промени клуб само еднаш во календарска година.

**Член 11**

Пливач кој сака да промени клуб, **во преоден рок** поднесува писмено барање до клубот со препорачана пошта или лично со потпис за примена пошта. Содржината и формата за барањето на исписница е лична или на меморандум на самиот клуб. Клубот е должен да му издаде исписница во рок од 8 дена доколку нема никакви спорни меѓусебни дејствија:

- Ако се води дисциплинска постапка или тече дисциплинска забрана за настап кон пливачот.
- Ако постојат материјално/финансиски обврски на пливачот према клубот, исклучиво со писмен доказ.

Доколку клубот не одговори на барањето за исписница во предвидениот рок а нема никакви пречки наведени со овој член, тогаш исписницата ќе се смета за добиена по завршување на преоден рок предвиден со овој правилник по истекот на 8 дена.

**Член 12**

Регистрациона комисија при ПФМ, по примање на исправна и комплетна документација за премин на пливач во нов клуб, обврзан е да издаде одлука за пререгистрација во рок од 30 дена од истекот на преодниот рок.

**Член 13**

Во случај пливачки клуб да престане со работа од било која причина, пливачите членови се слободни и можат да настапат за било кој друг клуб член на ПФМ. За настанатата промена пливачот и новиот клуб е задолжен писмено да ја извести ПФМ со доставување на следна документација:

- Клубот кој згаснал да достави писмен доказ од Централен Регистар на РМ.
- Клубот кој згаснал да достави список на регистрирани пливачи до ПФМ
- Новиот клуб за кој се регистрираат пливачите да достави пристапници со соодветно барање за регистрација до регистрациона комисија при ПФМ.

**Член 14**

Пливач, кој смета дека му се повредени некои права како пливач,односно е одбиено барањето за премин од клуб во клуб или при постапка на издавање на исписница се прекршени одредби од овој правилник од страна на пливачки клуб, може да вложи жалба до регистрациона комисија при ПФМ како првостепен орган во рок од 5 дена од денот на приемот на одлуката на клубот.Против одлуката донесена од регистрациона комисија при ПФМ како првостепен орган за одлука по жалба, жалба се поднесува до второстепен орган при ПФМ, а тоа е Управен Одбор на ПФМ. Жалбата ќе биде разгледана доколку е поднесена во законски рок од 3 дена по приемот на одлуката.
Одлуката на второстепениот орган по жалба е конечна.

**Член 14 А**

Пливачки клуб член на ПФМ, кој смета дека му се повредени некои права согласно овој правилник за регистрација и настап на пливачи, може да вложи жалба до регистрациона комисија при ПФМ како првостепен орган во рок од 3 дена од ден на приемот на одлуката, доколку предходно постапил согласно овој правилник и одговорил на опомена од страна на ПФМ за негово изјаснување по повод сторен прекршок на негов пливач/и.
Доколку е незадоволен од одлуката на првостепениот орган, жалба може да вложи до второстепениот орган а тоа е Управен Одбор на ПФМ. Одлуката на второстепениот орган е конечна.

**Член 15**

Првостепениот и второстепениот орган од овој правилник на ПФМ, кои решаваат по жалба, задолжително е да донесат одлука најдоцна во рок од 15 дена.

**Член 16**

Незадоволната страна која смета дека во постапката се повредени одредби од овој правилник, може да поднесат барање за заштита на законитост во рок од 7дена, доколку жалбата не е разгледана и донесена одлука во рок предвиден во член 15 од овој правилник. Барањето за заштита на законитост против конечната одлука се поднесува до спортски суд на Македонски Олимписки Комитет. Одлуката на спортскиот суд при МОК е конечна.

**Член 17**

Од денот на регистрација со одлука од регистрациона комисија за регистриран пливач при ПФМ, пливачот се стекнува со право на настап за пливачки клуб за кој е поднесено барање во преоден рок утврден со одлука на Управен Одбор на ПФМ.

**Член 18**

Пливач со двојно државјанство (македонско и друго државјанство) може да настапи **само за еден клуб во Македонија,** и најповеќе еден во странство во тек на една календарска натпреварувачка сезона.

**Член 19**

Сите спорови во врска со премин на пливач од клуб во клуб, клуб со клуб,клуб со ПФМ,пливач со ПФМ, ги решава регистрациона комисија при ПФМ како првостепен орган и Управен Одбор на ПФМ како второстепен орган.
Одлука на Управен Одбор е конечна.

**Член 20**

Толкување на овој правилник врши регистрациона комисија при ПФМ по писмен пат.

**Член 21**

Измена и дополнување на овој правилник врши Управен Одбор на ПФМ по предлог од регистрациона комисија при ПФМ или на барање од мнозинство членови на Управен Одбор на ПФМ.

**Член 22**

Овој правилник стапува на сила од денот на негово донесување со одлука од Управен Одбор на ПФМ.

Скопје 22.11.2017

**Пливачка Федерација на Македонија**
**Претседател**
**Александар Маленко**